Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-5475/1 од 27.11.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-5475 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-5475/1 од 27.11.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата е наведено дека службеното лице /// е носител на јавна функција во РСМ, а при тоа не ја нострифицирал неговата високо образовна диплома стекната во странство. Од ДКСК се бара да се преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата не се доставени докази.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК изврши увид во нејзината службена евиденција, по што утврди дека против посоченото службено лице веќе била водена една постапка по предметот со бр. 12-2145/1 од 08.06.2021 година. Предметните наводи за тој конкретен случај се однесувале на сомнежи за незаконски избор на посоченото службено лице за член на надзорниот одбор на ЈРП МРТВ Скопје. Предметот е затворен на 87-та седница на Државната комисија за спречување на корупцијата одржана на 01.06.2023 година, на којашто седница е донесена Одлука според која постапка се запира бидејќи предметните наводи не биле потврдени.

Со повторен увид во списите по предметот со бр. 12-2145/1 од 08.06.2021 година, се утврди дека посоченото службено лице било избрано за член на надзорниот одбор на ЈРП МРТВ Скопје. Според Одлуката на Програмскиот совет на ЈРП МРТВ Скопје бр. /// од /// година, еден од условите за избор на посоченото службено лице за член на надзорниот одбор на ЈРП МРТВ Скопје бил кандидатите да достават доказ за завршено високо образование, но не е специфицирано какво. Посоченото службено лице доставило Диплома за завршено високо образование во прв циклус на Факултетот за /// бр. /// од /// година и Диплома за завршено високо образование во втор циклус на Факултетот за ///,

заведена под бр. /// од /// година, при што врз основа на овие документи и останатите кои биле приложени во пријавата на посоченото службено лице, била донесена Одлука од Програмскиот совет на ЈРМ МРТВ Скопје бр. /// од /// година, според која посоченото службено лице било избрано за член на надзорниот одбор на ЈРМ МРТВ Скопје, заедно со други службени лица.

Врз основа на вака утврденото, се отвори прашањето дали посоченото службено лице поседува соодветен документ за нострификација и еквивалентност на неговата високо образовна диплома, стекната во ///, во прв циклус, со оглед дека во списите на предметот со бр. /// од /// година, недостасува ваков документ издаден од Министерство за образование и наука на РСМ. Следствено, од предметот со бр. 12-2145/1 од 08.06.2021 година се земени фотокопии со следните списи:

- Одлука за распишување конкурс за избор на членови на МРТ, донесена од Програмскиот совет на ЈРП МРТВ Скопје бр. /// од /// година;
- Диплома за завршено високо образование во прв циклус на посоченото службено лице, издадена на албански јазик со бр. /// од /// година, на Факултетот за ///;
- Диплома за завршено високо образование во втор циклус на посоченото службено лице издадена на македонски, англиски и албански јазик, со бр. /// од /// година на Факултетот за ///; и
- Одлука за избор на членови на надзорниот одбор на МРТ, донесена од Програмскиот совет на ЈРП МРТВ Скопје со бр. /// од /// година.

Со цел остварување на своите законски надлежности, а врз основа на службената документација со којашто располага, ДКСК побара податоци, информации и документација од Министерство за образование и наука на РСМ по однос на прашањето дали посоченото службено лице има барано и добиено Решение за нострификација и еквиваленција од ова министерство, за да може да остварува права согласно со законските прописи во РСМ, за завршено високо образование.

Министерството за образование и наука на РСМ, до ДКСК достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство од /// година, според кое **на посоченото службено лице му се признава неговата горе означена високо образовна диплома стекната во странство како документ за завршен прв циклус стручни студии од областа на ///**. Следствено за ДКСК отпадна основот за понатамошно постапување, бидејќи предметните наводи од пријавата не се потврдуваат.

Врз основа на сето горе наведено, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување, заради што постапката по овој конкретен случај одлучи да ја запре.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Архивата на ДКСК

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**